З А П И С Н И К
од Сто и дванаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 14 септември 2025 година

Скопје, септември 2025 година

З А П И С Н И К
од Сто и дванаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 14 септември 2025 година

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео-конференциска врска со употреба на интернет - комуникација започна во 13:30 часот.

Со седницата претседаваше Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем.

На седницата учествуваа м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците, членовите на Владата м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, Игор Филков, министер за правда, м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, Зоран Љутков, министер за култура и туризам, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација, Борко Ристовски, министер за спорт и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Игор Јанушев.

На седницата учествуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

На седницата учествуваа и Калтрина Зеколи Шаќири, заменик на министерот за транспорт, м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за надворешни работи и надворешна трговија и Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија на седницата учествуваше и м-р Марија Митева, портпарол на Владата.

На седницата не учествуваа проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење и членовите на Владата д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања, д-р Азир Алиу, министер за здравство, Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади и Горан Минчев, министер за јавна администрација.

*

*       *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

ДНЕВЕН РЕД

1. Прашања и предлози

*

*           *

По одделните точки на Дневниот ред Владата ги донесе следните заклучоци:

Точка 1

По повод настанатиот пожар на објектите за складирање на електронски отпад во Трубарево, Општина Гази Баба и имајќи ги предвид препораките од Државниот инспекторат за животна средина бр.02-1009/1 од 14.9.2025 година, Владата заклучи:

- Се препорачува на основните училишта ООУ „Крум Тошев“, ООУ „Његош“, ООУ „Вера Јоциќ“ и ООУ „Наум Наумовски - Борче“, во Општина Гази Баба, наставата да ја реализираат преку далечинско учење, со примена на средства за електронска комуникација, во периодот од 15 септември 2025 година до 19 септември 2025 година.

*

*           *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 13:35 часот.